# TYPES OF CRISES IN THE WORK OF ENTREPRENEURS: THE IMPACT OF THE GLOBAL HEALTH CRISIS

**Marija Magdinceva-Sopova**
University Goce Delcev-Stip,N. Macedonia, marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Aneta Stojanovska-Stefanova**
University Goce Delcev-Stip, N. Macedonia, aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
**Kiril Postolov**
University Ss,Cyril and Methodius-Skopje, N. Macedonia,kiril.@eccf.ukim.edu.mk

**Abstract:** The global health crisis and the current situation in the environment caused by the impact of the Covid-19 virus have caused major changes in the work of all business entities, including entrepreneurs. It is an indisputable fact that entrepreneurs are drivers of inclusive economic growth and drivers of productive and sustainable jobs. Entrepreneurship is usually associated with SME sector, which show a tendency to grow in specific conditions and environment. The global health crisis has caused a number of problems for entrepreneurs.

Crisis contributes to an increase in the number of companies whose entrepreneurs decide to closing of operations of enterprises or reduce business activity. Entrepreneurial crises are unplanned and undesirable processes that last for a certain period of time, with a certain impact and appropriate consequences.

Any crisis can substantially threats the survival of the company with some impact on the achievement of operating goals.

Closing of business activity implies the creation of social costs. Therefore, it is very important for entrepreneurs to face problems at work in a timely manner. Problems in the work of entrepreneurs are part of everyday work. The skill of entrepreneurs consists in timely recognition of problems and seeking solutions to them.

At the same time, current pandemic working conditions pose a challenge for entrepreneurs and SME sector. As a result, the global health crisis caused by the impact of the Covid-19 virus is forcing entrepreneurs to make significant changes in their operations in order to quickly adapt their operations to changes in the environment.

Therefore, the subject of this paper focuses on understanding the impact of the Covid-19 virus on the work of entrepreneurs in terms of modern business trends. In the first part of the paper will be given a theoretical overview of the types of crises in the work of entrepreneurs as well as the importance of entrepreneurial competence for the operation of enterprises in times of crisis. In the conclusion of the paper, a model for dealing with crisis situations will be proposed and guidelines for action of entrepreneurs for successful management of crisis situations will be given.

**Keywords:** entrepreneurs, crisis situation, Covid-19, reasons, model, decisions

# ВИДОВИ КРИЗИ ВО РАБОТАТА НА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ:ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛНАТА ЗДРАВСТВЕНА КРИЗА

**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет "Гоце Делчев", Штип
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Анета Стојановска-Стефанова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет "Гоце Делчев", Штип
aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
**Кирил Постолов**
Економски факултет, Универзитет Св.„Кирил и Методиј"- Скопје, kirilp@eccf.ukim.edu.mk

**Апстракт:** Глобаланата здравствена криза и тековните состојби во окружувањето предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 предизвикаа големи промени во работата на сите деловни субјекти вклучително и претприемачите. Неспорен е фактот дека претприемчите се двигатели на инклузивниот економски раст и носители за создавање на продуктивни и одржливи работни места. Претприемништвото вообичаено се поврзува со малите и средни претпријатија, кои покажуваат тенденција на раст во специфични услови и окружување. Глобалната здравствена криза предизвика бројни проблеми со кои се соочуваат претприемачите.

Кризните состојби придонесуваат за зголемување на бројот на претпријатија чии што претприемачи донесуваат одлука за престанок со работење или намалување на деловна активност. Претприемачките кризи се непланирани и непожелни процеси кои траат определен временски период, со определено влијание и соодветни последици. Секоја криза може суштински да го загрози опстанокот на претпријатието со одредено влијание на остварувањето на целите на работење. Престанокот со деловна активност имплицира создавање на општествени трошоци. Поради тоа од голема важност за претприемачите е навремено да се соочат со проблемите во работата. Проблемите во работата на претприемачите се дел од секојдневната работа. Умешноста на претприемачите се состои во навремено препознавање на проблемите и барање решение за истите.

Во исто време, актуелните пандемиски услови за работа претставуваат предизвик за претприемачите и за малите и средни претпријатија. Поради тоа, глобалната здравствена криза предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 ги принудува претприемачите да воведат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагоди работењето на претпријатието на промените во окружувањето.

Поради тоа предмет на истражување на овој труд се фокусира кон согледување на влијанието на вирусот Ковид-19 врз работата на претприемачите во услови на современи трендови на работење. Во првиот дел од трудот ќе биде даден теоретски приказ на видовите кризи во работењето на претприемачите како и значењето на претприемничката компетентност за работење на претпријатијата во услови на криза. Во заклучокот од трудот ќе биде предложен модел за справување со кризни состојби и ќе бидат дадени насоки за дејствување на претприемчите за успешно справување со кризните состојби.

**Клучни зборови:** претприемачи, кризна состојба, Ковид-19, причини, модел, одлуки

## 1. ВОВЕД

Претприемништвото и претприемачите имаат голема улога во развојот на секоја национална економија. Значењето на претприемништвото за развојот на државата се согледува преку создавањето на нови бизниси, создавање на нови работни места, поттикнување на конкурентноста во економијата, создавање на нови производи, поттикнување на иновативноста и новите начини на производство. Заради тоа претприемништвото се јавува како еден од најзначајните фактори за зголемување на продуктивноста во целата економија и како фактор за постигнување на повисоки стапки економски раст. Претприемништвото придонесува за поголема просторна мобилност на производствените фактори кон повеќе продуктивните и профитабилни гранки на економијата и дека со тоа директно влијае врз темпото на економскиот развој на земјата. Сите современи влади (централни, регионални и локални) со посветеност работат на креирање на поволен претприемнички амбиент во сопствените земји. (М. Шкртиќ, М. Микиќ., 2002, 223). Претприемништвото вообичаено се поврзува со малите и средни претпријатија, кои покажуваат тенденција на раст во специфични услови и окружување. Глобаланата здравствена криза и тековните состојби во окружувањето предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 предизвикаа големи промени во работата на претприемачите кои директно придонесоа за појава на големи проблеми со кои се соочуваат претприемачите. Претприемништвото е движечка сила за раст на економијата, но во услови на здравствена криза и изменетите услови за работа се менуваат приоритетите на работа поради што претприемачите воведуваат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагоди работењето на претпријатието на промените во окружувањето. Новите економски услови ја наметнаа потребата претпријатијата да ја променат традиционалната организација и структура на работа а развојот на информационите и комуникациска технологија овозможи појава на нови организациски структури кои се разликуваат од оние кои се базирани на статичкиот концепт.(Лукиќ А,Новoвиќ М., 2021, 79)

Воведувањето на новите организациски структури создава услови за нови форми на работа односно проширување на структурата на производството со нови производи, зголемување на технолошката продуктивност и со тоа генерирање на одржлив долгорочен економски раст. Успешноста и вреднувањето на работењето на секое претпријатие и неговите активности, како основен економски субјект, е актуелна во секое време. Основа за успешно работење на претпријатијата претставува стекнување конкурентска предност.( Magdicheva-Shopova M., 2019, 19 )

Успешното работење претставува основна цел за претприемачите при што изменетите услови за работење предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 истовремено претставуваат предизвик и можност. Поради тоа, глобалната здравствена криза предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 ги принудува претприемачите да воведат изразени промени во работењето со цел брзо да се прилагоди работењето на претпријатието на промените во окружувањето. Умешноста на претприемачите се состои во навремено препознавање на проблемите и барање решение за истите. Затоа, претприемачите со нивната способност

треба да одговорат кон кризите со тоа што ќе бидат адаптивни и ќе придонесат за зголемено глобално влијание.( Liguori and Winkler 2020,)

## 2. ВИДОВИ КРИЗИ

Во стручната литература постојат голем број дефиниции за тоа што претставува кризата во претпријатијата кои од различен аспект ја објаснуваат кризата. Заедничко за сите дефиниции е тоа што кризата претставува несакана појава која негативно влијае на работата на претпријатијата. Секоја несакана појава во работата на претпријатијата не претставува криза. Кризата претставува феномен кој негативно влијае на бизнис ефикасноста, перформансите на бизнисот, односно на претпријатието и успехот во постигнувањето на поставените цели.( Радовановиќ Т., 2004, 19-21) Во услови на работа во криза, претпријатијата забележуваат тенденција на намалување на ефикасноста во работењето. Ефикасноста може да се дефинира како единица мерка која покажува колку добро или продуктивно се користат ресурсите за постигнување на целите во работењето.(Jones, 2001, 38)

Претприемачките кризи се непланирани и непожелни процеси кои траат определен временски период, со определено влијание и соодветни последици. Секоја криза може суштински да го загрози опстанокот на претпријатието со одредено влијание на остварувањето на целите на работење. Како последица од кризата, претпријатијата може да се соочат со ликвидација или престанок со работа. Ваквите кризи најчесто предизвикуваат голема штета не само на претпријатијата туку и на вработенит еи сите стеикхолдери. Во текот на работењето, претприемачите се соочуваат со различен вид на кризи. Вообичаено, претприемачите најчесто се соочуваат со економската криза. Се разликуваат следните видови кризи:потенцијална криза, латентна криза и акутна криза.( Грифин В.2010, 352-359)

Потенцијалните кризи се можни кризи. Претпријатието работи и навидум изгледа стабилно, односно нема значителни симптоми на кризата, но претприемачите може да ги забележат првите знаци за кризна состојба.

Латентни кризи се појавуваат кога се појавуваат првите знаци на кризата кога менаџментот на претпријатието сеуште не го чувствува влијанието на кризата, додека пак претприемачите тоа го чувствуваат уште во првата фаза (потенцијална фаза). Претпријатијата во оваа фаза се карактеризираат со ниска ефикасност во работењето.

Акутни кризи се карактеризираат со изразени знаци и ефектите на криза, при што менаџментот на претпријатието се фокусира на совладување на кризата. Кризата е видлива и штетите се големи . Овој вид на криза може да биде: совладлива и несовладлива. Совладливи кризи се оние кризи каде што може да се имплементира решение и да се намали дејството на кризата . Несовладливи кризи се оние кризи за кои не може да се импелментира соодветно решение и како резултат на кризната состојба претпријатието престанува со вршење на дејноста.

Влијанието на вирусот Ковид-19 придонесе претприемачите да се соочат со здравствена криза во глобални рамки. Глобалната здравствена криза ги зафати сите земји во светот, а како во поголемиот дел од нив Европа не била во таква ситуација уште од Големата депресија во 1930 година. Претприемачите се соочени со предизвикот да се соочат со влијанието на кризата. Европската комисија презема мерки со цел да се одговори на новите предизвици, да се олесни справувањето со проблемот на економската рецесија и последиците од кризата. Ова криза значи дека постојат непредвидени кризи вклучувајќи ја и сегашната пандемија предизвикана од вирусот Ковид-19 врз која има големи влијанија на општеството.(Ratten Vanesa,2020, 503–516)

## 3. ПРЕТПРИЕМНИЧКА КОМПЕТЕНТНОСТ И РАБОТА ВО КРИЗА

Во стручната литература во кој апредмет на истражување е претприемништвото во кризни услови, објаснети се ставовите на експертите според кои претприемачите кои работат во стабилни услови и оние претприемачи кои работат во динамични услови , се разликуваат едни од други, односно не треба да се поистоветуваат сите претприемачи.

Преприемачите кои работат во кризни услови треба да имаат поголемо ниво на компетентност. Кога е во прашање структурата на повисокото ниво на компетеност, многу автори истекануваат дека денешните претприемачи бидејќи делуваат во кризни услови, треба да поседуваат адекватен сет на карактеристики составен од определени психолошки и образовни компоненти кои треба да се дополнуваат помеѓу себе. (Радованович Т, Јовановиќ В., 2011, 10-19) Структурата на личните карактеристики се состои од способност за решавање на проблеми, способност за воочување на бизнис можностите и способност за реален пристап во оценувањето. Образовната компонента или структурата на личното знаење се состои од знаење за организација на работата и знаење за менаџирње. Конкретната структура на овие компоненти се дефинира

врз основа на неколку постоечки модели, со изразено истакнување на оние каракатеристики и знаења кои се од клучно влијание на снаоѓањето во сегашните отежнати услови на делување.
Секој претприемач кој започнува сопствен бизнис потребно е да поседува високоразвиени карактеристики и да поседува адекватни знаења од многу области, бидејки со тоа ја зголемува шансата за успех на претпријатието. Претприемачот е компетентен да работи во услови на криза доколку поседува способност за решавање на проблеми, способност за воочување на бизнис можностите, способност за реален пристап во оценувањето, способност за иновирање и контрола на емоциите. Паралелно со поседувањето на соодветни способности, претприемачот треба да поседува и соодветно знаење во следните области: планирање, лидерство, организирање, вреднување на работата и истражување на пазарот.
Претпиемачката активност претставува клучен механизам за унапредување на развојот на претпријатијата, посебно во секторите каде претпремничката активност заостанува. Клучот за претприемачката компетентност според Европската комисија претставува знаење за претприемништво, претприемачки вештини и претприемачки став. (European Commission,2014) Тоа значи предходно применета и потврдена способност да се користат знаењата кои се стекнати и вештините за професионален и личен развој. Стекнувањето и развојот на компетенциите како основа за работа и понатамошно учење и развој се неопходни за општество базирано на знаење.
Во услови на глобална криза и ограничени ресурси, компетентноста на претприемачите претставува основа за поттикнување на претприемничка активност и отварање на нови работни места, бидејќи мотивирањето и поттикот на луѓе со претприемачки дух преставува реална и остварлива цел.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Здравствената пандемија предизвикана од влијанието на вирусот ковид-19 драматично го промени општеството и ги промени сите деловни практики. Глобаланата здравствена криза и тековните состојби во окружувањето предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 предизвикаа големи промени во работата на сите деловни субјекти. Освен глобализациските процеси, појавата и ширењето на вирусот Ковид-19 предизвикува значајни промени во работењето на претпријатијата, не само на локално туку и на глобално, светско ниво.( Магдинчева-Шопова М., Стојановска-Стефанова А. и Постолов К.,2020,1-22) Во овие услови на работа,потребни се нови пристапи на менаџирање кои во основа се базираат на претприемничко размислување. Примената на претприемничкото размислување е основа за справување со кризата и успех на глобалниот пазар. Претприемачките кризи се непланирани и непожелни процеси кои траат определен временски период, со определено влијание и соодветни последици. Секоја криза може суштински да го загрози опстанокот на претпријатието со одредено влијание на остварувањето на целите на работење. Неизвесноста за идното работење е присутна бидејќи кризата предизвикана од вирусот Ковид-19 сè уште постои. Тоа ја наметнува потребата од зголемување на интензитетот на истражувањата за претприемништвото во услови на криза.
Здравствената криза во денешно време претставува едно од најбитните прашања на функционирањето на светската економија. Паралелно со неа, се отвараат огромен број прашања во врска со функционирањето на претпријатијата во услови на криза. Влијанието и ширењето на вирусот Ковид-19 наметнува ограничувања и посебни правила за работа кои неминовно треба да бидат инкорпорирани во секојдневното работење на претпријатијата.
Прилагодувањето на ново настанатата состојба се поврзува со напорот на претприемачите навремно да ги препознаваат причините за кризни состојби како и навремно да ја распознаваат кризата. Претприемачите треба постојано да учат и пренесуваат нови вештини, и техники. Потребна е и соработка за справување со кризата од вирусот Ковид- 19, особено во однос на споделувањето на знаењето.( Kirk and Rifkin, 2020,124-131) Како резултат на влијанието на вирусот Ковид-19 и глобалната здрвавствена криза, претприемачите на претпријатијата треба да донесуваат брзи одлуки со цел брзо да го прилагодат работењето на претпријатието на промените во окружувањето и одржување на деловната активност на претпријатијата. Успехот во работењето на претпријатијата се согледува преку остварување на поголеми излезни вредности со помалку вложувања на средства. Ефикасното управување со претпријатието во услови на криза зависи од способноста на претприемачот за брзо прилагодување на ново настанатата состојба и способноста за креирање на соодветна бизнис стратегија за работа во услови на криза. Компетентноста на претприемачите претставува основа за поттикнување на претприемничка активност и справување со кризната состојба предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Грифин, В. Г. (2010). Основи на менаџментот, Кочани, стр. 352-359

Лукиќ, А., & Нововиќ, М. (2021). Accounting and audit in theory and practice,Бања Лука Колеџ, 2021, стр.79

Радовановиќ, Т. (2004). Успешен Претприемач, Нови Сад, стр 19-21

Радовановиќ, Т., & Јовановиќ, В. (2011). Планирање на бизнисот, Белград, Научно друштво за право и економија, 10-19.

Шкртиќ, М., & Микиќ, М. (2002). Претприемништво, Прва книга, стр. 223

European Commission (2014). Entrepreneurship Education: A Guide for Educators (accessed 1 Juni 2021).

Jones, G.R. (2001). Organizational Theory, Text and Cases, Prentice Hall,p.38

Kirk, C.P., & Rifkin, L.S. (2020). “I’ll Trade You Diamonds for Toilet Paper: Consumer Reacting, Coping and Adapting Behaviors in the COVID-19 Pandemic.” Journal of Business Research 117: 124–131

Liguori, E., & Winkler, C. (2020). “From Offline to Online: Challenges and Opportunities for Entrepreneurship Education following the COVID-19 Pandemic.” Entrepreneurship Education and Pedagogy In Press. doi:10.1177/2515127420916738

Magdicheva-Shopova, M. (2019). Knowledge, International Journal Vol.29.1.p, 19

Magdicheva-Shopova, M., Stojanovska-Stefanova, A., & Postolov, K.( 2020,) Knowledge, International Journal, Vol.42.1, 1-22)

Ratten, V. (2020). Coronavirus (covid-19) and entrepreneurship: changing life and work landscape, Journal of Small Business & Entrepreneurship, VOL. 32, No.. 5, 503–516